За јубилејот на театарот „Војдан Чернодрински“ - 70 години ( 17/18.02-2020) беше изведена премиерата на „Лажговци“ во режија на Коле Ангеловски, проектот Move the beat with actors & The Hounds,. а беа прикажани и пет претстави од тековниот репертоар. „Move the beat with actors & The Hounds беше извонреден музички настан кој го приредија актерите од помладата генерација на анасамблот од театарот заедно со групата „ The Hounds“. Тоа беше ноќ за паметење. На одбележувањето присуствуваа директорот на Центарот Рубинчо Белчески, градоначалникот Илија Јованоски и заменик министерот за култура Владимир Лазовски, кој посочи дека конечно е започната постапката за обезбедување на документацијата што ќе овозможи реконструкција со надградба и доградба на објектот на НУЦК „Марко Цепенков“, а се однесува на потребите на театарот.

- Со тоа, ве уверувам дека, овој талентиран и пожртвуван ансамбл, во скора иднина ќе ги има вистинските услови кои ќе бидат на нивото на нивниот врвен уметнички професионализам -рече заменик министерот Лазовски на одбележувањето на јубилејот 70 години театар „Војдан Чернодрински“.

{AG}lazgo{/AG}